# Извештај од анкетно истражување

## „Онлајн врсничко насилство (сајбер булинг) во средни училишта во Северна Македонија“

Скопје, февруари 2024

IHR
Институт за човекови права

CFLI/FCIL
Canada Fund for Local Initiatives
Fonds canadien d'initiatives locales

Canada

# Содржина


Вовед ........................................................................................................................3

Методологија................................................................................................................4

1. Во просек, колку часови дневно поминувате на социјални мрежи?..........................6

2. Кои социјални мрежи најмногу ги користите? .........................................................11

3. Што најмногу правите на социјалните мрежи? ........................................................14

4. Дали во изминатата 1 година сте биле предмет на онлајн врсничко насилство (сајбер булинг)?..........................................................................................................17

5. На кој начин сте биле предмет на онлајн врсничко насилство (сајбер булинг)? .....20

6. Каде најчесто се случува онлајн врсничко насилство (сајбер булингот)? ................23

7. Кој е почесто жртва на онлајн врсничко насилство (сајбер булинг)? ........................27

8. Мотиви за онлајн врсничко насилство (сајбер булинг).............................................30

Заклучоци..................................................................................................................35



Овој извештај е изготвен како дел од проектот „Борба против сајбер-булинг врз девојчиња,“ поддржан од Амбасадата на Канада преку Канадскиот фонд за локални иницијативи. Содржината на оваа анализа е одговорност на Институтот за човекови права и не мора да ги одразува ставовите на донаторот.

# Вовед

Пандемијата предизвикана од Ковид-19 ги извади на површина проблемите со врсничко насилство во средните училишта, особено со онлајн врсничко насилство (сајбер-булинг). Тоа е широко распространето меѓу учениците од средните училишта, при што неколку случаи завршија трагично, притоа јавноста нема впечаток дека се преземаат дејствија за да се истражат причините за самоубиствата.

Девојчињата се главната цел и жртви на онлајн врсничко насилство и оваа негативна појава мора да се искорени, тоа го покажуваат резултатите од претходните истражувања на Институтот за човекови права. Дополнително, многу ученици и родители не ја добиваат соодветна и потребната помош при пријавување случаи на врсничко насилство, особено онлајн врсничко насилство. Ова е показател дека сите засегнати страни – ученици, наставници, психолози и педагози треба отворено да зборуваат за врсничко насилство и што е најважно да им се помогне на учениците да ги препознаат и пријават актите на врсничко насилство во училиштата.

За да се зголеми бројот на пријави на врсничкото насилство, особено онлајн врсничко насилство, кое се случува на социјалните мрежи далеку од училиштата, но со последици кои се присутни насекаде и во секој аспект од животот на жртвите, учениците мора прво да научат соодветно да ги препознаваат сите форми на онлајн врсничкото насилство.

Овој документ ги презентира резултатите од истражувањето на ставовите, перцепциите и постоењето онлајн врсничко насилство помеѓу учениците во средните училишта на целата територија на Северна Македонија. Истражувањето е реализирано за потребите на проектот „Борба против сајбер булинг врз девојчињата“, кој го реализира Институтот за човекови права, а финансиски е поддржан од Канадската амбасада во Белград.

Генерална цел на проектот е да придонесе кон акција за намалување и спречување на врсничко насилство, особено на онлајн врсничко насилство пред се врз девојчињата во Северна Македонија преку едукација на младите. За потребите на проектот се спроведува една анкета со ученици за на тема „онлајн врсничко насилство помеѓу учениците од средните училишта“ за да се добијат расчленети податоци за состојбите со онлајн врсничко насилство помеѓу учениците во средните училишта. Во овој контекст, резултатите презентирани во рамки на овој извештај имаат за цел да ги утврдат основните аспекти на перцепциите за онлајн врсничко насилство, кои подоцна ќе бидат предмет на компаративна анализа со резултатите добиени во рамки на *Родово базираната анализа на објави на социјалните медиуми поврзани со онлајн врсничко насилство* и резултатите добиени од фокус групите со ученички од средните училишта поврзани со врсничко насилство и онлајн врсничко насилство.

Истражувачкиот извештај е поделен на три дела. Во првиот дел е образложена истражувачката методологија. Во рамки на вториот дел презентирани се клучните наоди и резултати од реализираното истражување. Во посебно поглавје сумирани се главните заклучоци од истражувањето.

# Методологија

Анкетата беше спроведена со само-пополнување, на примерок од **1.017 ученици** од 3та и 4та година средно, од 18 училишта од сите делови на Северна Македонија. Учениците од секое училиште беа селектирани од повеќе класови, при што се внимаваше на застапеност по пол, година во средно училиште, етничка припадност, и вид на населено место на живеење (село или град).

Селектираните ученици беа собрани во една просторија, им беа дадени кратки насоки, и потоа им беше даден линк од анкетниот прашалник. Учениците ја одговорија анкетата користејќи ги своите мобилни телефони.

Средните училишта беа селектирани од целата територија на Северна Македонија при што критериумите беа да се опфатат сите 8 плански региони, да се опфатат училишта од урбани и рурални средини.

Средните училишта кои учествуваа во анкетата се следните: СОУ „Св. Кирил и Методи – Неготино" , СОУ „Славчо Стојменски" – Штип , СОУ „Кочо Рацин" – Велес, СОСУ „Илинден" – Илинден, ОСУ „Ацо Русковски" – Берово, СУГС „Браќа Миладиновски" – Кисела Вода, СОУ „Гоце Делчев" – Валандово, ОСТУ „Наце Буѓони" – Куманово, СОУ „Никола Карев" - Струмица, ОСУ „Климент Охридски" – Охрид, ОСЕУ „8 Септември" – Тетово, СОУ „Наум Наумовски Борче" – Крушево, СОУ „Ѓорче Петров" – Крива Паланка, СОУ „Гостивар" – Гостивар, СОУ „Јосип Броз Тито" – Битола, СОУ „28 Ноември" – Дебар, СОУ „Маврово и Ростуше" – Маврово и Ростуше, СМУГС „Др. Панче Караѓозов" – Центар.

Собраните податоци беа анализираат на следниот начин. Анализа на влијанието на неколку основни независни варијабли (предиктори) вклучително пол, возраст/година во средно, и етничка припадност. Основниот предиктор по кој се анализирани сите варијабли е полот, со оглед на тоа што особен фокус на истражувањето е онлајн врсничко насилство врз девојчињата. Останатите предиктори се користат само во анализата на неколку варијабли кои се сметаат за побитни.

Статистичката анализа на податоците, по потреба, опфаќа проверка на статистичка значајност (significance level) и проверка на силина на врска или асоцијација (measure of association) помеѓу независните (предиктори) и зависните (излезни) варијабли.

Притоа анализата ги опфаќа како минимум следните статистички методи: За споредба на поврзаноста на излезните варијабли со предикторите пол, возраст, етничка припадност, степен на образование, населено место, вршени се тестови за ниво на статистичка значајност (level of significance) и за степен на поврзаност (measure of association).

Во зависност од типот на варијаблите, спроведени се следните тестови:

| Вид на тест | Варијабла | Мерка |
|---|---|---|
| Статистичка значајност | влијание на пол, возраст, етничка припадност | $X^2$ (Chi Square), p-value се означува со (p) |
| Мера на поврзаност | соодност: пол, етничка припадност, година средно со резултат во форма на Ликертова скала | Cramer's V |
| | соодност: возраст со резултат во форма на Ликертова скала | Spearman's rho (и/или по потреба и Kendall's tau-b) |
| | соодност: пол, етничка припадност, вид на населено место со резултат во биномиална форма | Cramer's V |

Техничките податоци за овие анализи се прикажуваат во загради кон главниот текст, со цел главниот текст да биде попристапен за читателот кој не е запознаен со овие статистички концепти.

Познавање на овие статистички концепти **не е потребно** за да се прегледа анализата. Текстот ги користи термините: резултатот е (или не е) статистички значаен (што значи дека има докази за поврзаност помеѓу две варијабли) и постои слаба, умерена или силна поврзаност помеѓу две варијабли или пак не постои поврзаност.

Chi Square помал од 0.05 значи дека резултатот е статистички значаен, односно дека има докази за корелација помеѓу независната и зависната варијабла. Притоа се напоменува дека корелацијата не значи воедно каузална поврзаност. Со намалување на Chi Square, на пр. помал од 0.01 или помал од 0.001, се зголемува нивото на докази за корелацијата. Chi Square од 0.01 значи дека има само 1% шанса резултатот да е случаен итн.

Cramer's V, Spearman's rho и Kendall's tau-b ја означуваат силината на корелацијата (врската) помеѓу независната и зависната варијабла. Коефициент помал од 0.2 генерално означува слаба поврзаност; помеѓу 0.2 и 0.3 означува средна јачина на врската; над 0.3 означува силна поврзаност.

Понатаму, за дел од анализите кои користат просечни оценки, се употребува анализа на просек (mean), стандардна девијација, и по потреба се прави Т-тест (за анализа на два просека) и/или Man-Whitman's U тест (во случај да не е исполнета претпоставката за нормална дистрибуција на зависната варијабла за сите нивоа на независната варијабла).

Важен дел од анализите во главниот текст користат споредба на просечни оценки, кај варијаблите кои се во форма на Ликертова скала, при што основен метод е Т-тестот на независни примероци или Mann Withney U.

Текстот е наменет за општата јавност и заради тоа нивото на технички термини е минимизирано. Аналитичките постапки се споменуваат и по потреба се илустрираат, но не се секогаш детално опишани со цел текстот да е разбирлив за читател кој нема познавање од статистичките концепти.

Податоците се генерално претставени или во форма на табела или во форма на графикон или и во двете. Изборот дали податоците ќе бидат прикажани само во табела или само во графикон е генерално мотивиран од просторни и визуелни причини.

Од таа причина некои од споредбите се прикажани само во формат на табела или само во формат на графикон. Меѓутоа извештајот следи единствена низа на нумерирање, независно од тоа дали одреден приказ содржи и табела и графикон (Таб/Граф), или само табела (Таб), или само графикон (Граф). Пристапот овозможува полесна следење на редоследот на приказите во текстот.

## 1. Во просек, колку часови дневно поминувате на социјални мрежи?

**Учениците поминуваат значителен дел од денот онлајн**, и од тоа време најголем дел е поминат на социјалните мрежи (Таб/Граф 1-4 подолу).

**Во просек учениците поминуваат 4.33 часови дневно на социјални мрежи** (Таб/Граф 2), при што некои ученици значително го надминуваат тој број на часови. Околу 18% од учениците поминуваат во просек 6-8 часа дневно на социјални мрежи, а околу 5.4%, дури 10 часови дневно на социјални мрежи. Околу 20% од учениците (1/5) рекле дека во просек поминуваат помалку од 3 часа дневно на социјални мрежи.

**Во просек, девојчињата поминуваат повеќе време од момчињата на социјални мрежи** (Таб/Граф 4). Додека просекот за момчињата е 3.84, за девојчињата е 4.75 часови дневно. Резултатот е цврсто статистички значаен (Т-тест, $p<0.001$).

Времето поминато на социјални мрежи е многу подолго од други онлајн активности (Таб.Граф 4) како што се гледање домашни или странски портали, гледање на стриминг платформи, или гејминг. Како што може да се види од Таб/Граф 2, учениците во просек поминуваат 1.83 часа дневно на странски портали, 1.73 часа на стриминг платформи, 1.47 часа на гејминг, и најмалку, 1.43 часа, на домашни портали. Притоа, нема особена разлика помеѓу момчињата и девојчињата во однос на времето поминато на домашни портали, и заради тоа таа разлика и не е статистички значајна (Т-тест, $p=0.761$). Исто така нема статистички значајна разлика (Т-тест, $p=0.650$) во однос на времето поминато на странски портали. Разлика постои во однос на гледањето на стриминг платформи, и таа е значајна (Т-тест, $p=0.002$). Особено е видлива и статистичка значајна (Т-тест, $p<0.001$) разликата помеѓу момчињата (2.20 часа) и девојчињата (0.88 часа) во однос на играњето видео игри.

Во заклучок, учениците поминуваат најголем дел од своето слободно време на социјални мрежи. Притоа, девојчињата поминуваат во просек околу 1 час дневно повеќе на социјални мрежи од момчињата.

Таб/Граф. 1

**Во просек, колку часови дневно поминувате на социјални мрежи?**

| | Број | Процент | Валиден Процент | Кумулативен Процент |
|---|---|---|---|---|
| 0 | 8 | .8 | .8 | .8 |
| 1 | 53 | 5.2 | 5.2 | 6.0 |
| 2 | 151 | 14.8 | 14.8 | 20.8 |
| 3 | 217 | 21.3 | 21.3 | 42.2 |
| 4 | 162 | 15.9 | 15.9 | 58.1 |
| 5 | 162 | 15.9 | 15.9 | 74.0 |
| 6 | 92 | 9.0 | 9.0 | 83.1 |
| 7 | 56 | 5.5 | 5.5 | 88.6 |
| 8 | 41 | 4.0 | 4.0 | 92.6 |
| 9 | 7 | .7 | .7 | 93.3 |
| 10 | 55 | 5.4 | 5.4 | 98.7 |
| н/о | 13 | 1.3 | 1.3 | 100.0 |
| Вкупно | 1017 | 100.0 | 100.0 | |



Таб/Граф. 2

| | Просек | Медијана | Ст. Дев. |
|---|---|---|---|
| Во просек, колку часови дневно поминувате на социјални мрежи? | 4.33 | 4.00 | 2.27 |
| Во просек, колку часови дневно поминувате на странски интернет портали? | 1.83 | 1.00 | 2.01 |
| Во просек, колку часови дневно поминувате на стриминг платформи (пр. Нетфликс, итн.)? | 1.73 | 1.00 | 2.04 |
| Во просек, колку часови дневно поминувате на гејминг? | 1.47 | 1.00 | 2.11 |
| Во просек, колку часови дневно поминувате на домашни интернет портали? | 1.43 | 1.00 | 1.78 |



Таб/Граф. 3

**Пол * Во просек, колку часови дневно поминувате на социјални мрежи?**

% по Пол

| | | Пол | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | машки | женски | н/о | Вкупно |
| Во просек, колку часови дневно поминувате на социјални мрежи? | 0 | 1.1% | 0.4% | 5.9% | 0.8% |
| | 1 | 7.5% | 3.0% | 17.6% | 5.2% |
| | 2 | 19.8% | 10.7% | 23.5% | 14.8% |
| | 3 | 22.5% | 20.7% | 11.8% | 21.3% |
| | 4 | 15.0% | 16.6% | 17.6% | 15.9% |
| | 5 | 13.9% | 17.9% | 5.9% | 15.9% |
| | 6 | 8.9% | 9.1% | 11.8% | 9.0% |
| | 7 | 3.4% | 7.3% | | 5.5% |
| | 8 | 2.7% | 5.2% | | 4.0% |
| | 9 | 0.2% | 0.9% | 5.9% | 0.7% |
| | 10 | 3.2% | 7.3% | | 5.4% |
| | н/о | 1.8% | 0.9% | | 1.3% |
| Вкупно | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Таб/Граф. 4

| | Пол | |
|---|---|---|
| | машки | женски |
| | Просек | Просек |
| Во просек, колку часови дневно поминувате на социјални мрежи? | 3,84 | 4,75 |
| Во просек, колку часови дневно поминувате на домашни интернет портали? | 1,40 | 1,46 |
| Во просек, колку часови дневно поминувате на странски интернет портали? | 1,84 | 1,80 |
| Во просек, колку часови дневно поминувате на стриминг платформи (пр. Нетфликс, итн.)? | 1,51 | 1,91 |
| Во просек, колку часови дневно поминувате на гејминг? | 2,20 | ,88 |



## 2. Кои социјални мрежи најмногу ги користите?

**Учениците најмногу ја користат социјалната мрежа Instagram**. Втора најкористена е Tik Tok, и трета е You Tube. На скала од 1-5, каде што 1=најмалку и 5=најмногу, просечната оценка за Instagram е 4.07, за Tik Tok е 3.61, и за You Tube е 3.30. По нив следи Snapchat со 2.90, додека Facebook е на 5то место со 2.12. X (претходно позната како Twitter) е на 7мо место (од понудените опции) со 1.45, а Telegram на 8мо со 1.38. Очигледно е дека X и Telegram многу малку се користат од учениците, и дека познатиот Facebook се користи само малку повеќе од нив (Таб/Граф 5).

Заклучокот е дека учениците најмногу користат Instagram, и после него Tik Tok.

Споредено по пол, разликите не се големи, меѓутоа се во најголема мера статистички значајни. Единствената разлика која не е статистички значајна се однесува на користењето на Instagram (Т-тест, p=0.117). За сите други социјални мрежи разликата е статистички значајна (спроведени Т-тестови, и Mann-Whitney U тестови, по потреба).

Сепак, очигледно е дека разликата во оценките, особено кај тие мрежи кои повеќе се користат е мала. На пример кај You Tube е 3.49 (момчиња) наспроти (3.15) девојчиња.

Кај Facebook разликата е помеѓу 2.21 (момчиња) и 2.05 (девојчиња).

Нешто малку поголема е разликата кај Tik Tok која што момчињата ја оцениле со 3.27 додека девојчињата со 3.90.

Таб/Граф. 5

**На скала од 1-5 колку користите:**

| 1 = најмалку, 5=најмногу | Просек | Медијана | Ст. Дев. |
|---|---|---|---|
| На скала 1-5 колку користите Instagram? | 4.07 | 5.00 | 1.20 |
| На скала 1-5 колку користите Tik Tok? | 3.61 | 4.00 | 1.45 |
| На скала 1-5 колку користите You Tube? | 3.30 | 3.00 | 1.29 |
| На скала 1-5 колку користите Snapchat? | 2.90 | 3.00 | 1.58 |
| На скала 1-5 колку користите Facebook? | 2.12 | 2.00 | 1.16 |
| На скала 1-5 колку користите Discord? | 1.68 | 1.00 | 1.17 |
| На скала 1-5 колку користите X? | 1.45 | 1.00 | .95 |
| На скала 1-5 колку користите Telegram? | 1.38 | 1.00 | .98 |
| На скала 1-5 колку користите Twitch? | 1.25 | 1.00 | .76 |



Таб/Граф. 6

| | Пол | |
|---|---|---|
| | машки | женски |
| | Просек | Просек |
| На скала 1-5 колку користите Facebook? | 2.21 | 2.05 |
| На скала 1-5 колку користите Instagram? | 4.01 | 4.13 |
| На скала 1-5 колку користите X? | 1.60 | 1.32 |
| На скала 1-5 колку користите Tik Tok? | 3.27 | 3.90 |
| На скала 1-5 колку користите You Tube? | 3.49 | 3.15 |
| На скала 1-5 колку користите Snapchat? | 2.75 | 3.04 |
| На скала 1-5 колку користите Discord? | 2.15 | 1.27 |
| На скала 1-5 колку користите Twitch? | 1.44 | 1.08 |
| На скала 1-5 колку користите Telegram? | 1.67 | 1.12 |



## 3. Што најмногу правите на социјалните мрежи?

**Младите** (ученици во 3та и 4та година средно) **најмногу ги користат социјалните мрежи за комуницирање** (Таб/Граф 7 подолу). На скала 1-5 оваа активност е наведена како најзастапена од страна на испитаниците со просечна оценка од 4.24, и медијана од 5. Медијаната од 5 значи дека најмалку половина од испитаниците ја дале оваа оценка. Притоа, стандардната девијација е релативно мала, што значи дека одговорите се тесно концентрирани околу просекот. Со други зборови, за најголем број од испитаниците, комуницирањето е најзастапена активност на социјалните мрежи. По неа следат слушање музика (4.23), гледање видеа (3.95), и следење новости и трендови (3.57). Младите релативно помалку објавуваат статуси, слики и видеа (2.39) и уште помалку коментираат и споделуваат објави (2.07).

**Во скоро сите од 8те наведени активности, девојчињата се поактивни на социјалните мрежи** од момчињата (Таб/Граф 8). Ова е конзистентно со главниот заклучок дека девојчињата генерално поминуваат повеќе време на социјалните мрежи од машките.

Девојчињата повеќе објавуваат (2.65) во споредба со момчињата (2.05). Воедно тие повеќе коментираат и споделуваат (2.19) во споредба со момчињата (1.92), како и повеќе комуницираат (4.41) од машките (4.06).

**Единствената активност која момчињата (2.96) повеќе ја консумираат од девојчињата (2.06) на социјалните мрежи е играњето игри.**

Скоро сите разлики во овие активности помеѓу момчињата и девојчињата се цврсто статистички значајни: објавување статуси (Т-тест, $p<0.001$), коментирање и споделување (Т-тест, $p=0.001$), комуницирање (Т-тест, $p<0.001$), итн. **Единствената активност кај која нема статистичка значајна разлика помеѓу момчињата и девојчињата е гледањето видеа**. Разлика помеѓу оценките 3.91 и 3.99 е премногу мала да биде статистички значајна (Т-тест, $p=0.345$). Тоа значи дека и момчињата и девојчињата подеднакво гледаат видеа на социјалните мрежи.

Во заклучок, има јасни разлики во консумирањето на социјалните мрежи помеѓу девојчињата и момчињата. Тие разлики не се големи меѓутоа се присутни. Девојчињата се повеќе наклонети кон објавување статуси и фотографии, коментирање и споделување, комуницирање, читање, следење новости и трендови од момчињата.

Таб/Граф. 7

На скала 1-5 колку го правите следното на социјалните мрежи?

| 1=најмалку, 5=најмногу | Просек | Медијана | Ст. Дев. |
|---|---|---|---|
| На скала 1-5 колку комуницирате (пораки, итн.) на соц. мрежи? | 4.24 | 5.00 | 1.14 |
| На скала 1-5 колку слушате музика на соц. мрежи? | 4.23 | 5.00 | 1.16 |
| На скала 1-5 колку гледате видеа на соц. мрежи? | 3.95 | 4.00 | 1.20 |
| На скала 1-5 колку гледате новости и трендови на соц. мрежи? | 3.57 | 4.00 | 1.29 |
| На скала 1-5 колку читате на соц. мрежи? | 3.35 | 3.00 | 1.25 |
| На скала 1-5 колку играте игри на соц. мрежи? | 2.47 | 2.00 | 1.43 |
| На скала 1-5 колку објавувате статуси, слики, видеа на соц. мрежи? | 2.39 | 2.00 | 1.23 |
| На скала 1-5 колку коментирате, споделувате објави на соц. мрежи? | 2.07 | 2.00 | 1.17 |



Таб/Граф. 8

| | Пол | |
|---|---|---|
| | машки | женски |
| | Просек | Просек |
| На скала 1-5 колку објавувате статуси, слики, видеа на соц. мрежи? | 2.05 | 2.65 |
| На скала 1-5 колку коментирате, споделувате објави на соц. мрежи? | 1.92 | 2.19 |
| На скала 1-5 колку комуницирате (пораки, итн.) на соц. мрежи? | 4.06 | 4.41 |
| На скала 1-5 колку читате на соц. мрежи? | 3.12 | 3.55 |
| На скала 1-5 колку гледате новости и трендови на соц. мрежи? | 3.29 | 3.80 |
| На скала 1-5 колку гледате видеа на соц. мрежи? | 3.91 | 3.99 |
| На скала 1-5 колку слушате музика на соц. мрежи? | 4.09 | 4.34 |
| На скала 1-5 колку играте игри на соц. мрежи? | 2.96 | 2.06 |



## 4. Дали во изминатата 1 година сте биле предмет на онлајн врсничко насилство (сајбер булинг)?

**Околу 1/5 од учениците биле (8.8%) или можеби биле (не се сигурни) (10.6%) жртва на онлајн врсничко насилство во изминатата 1 година** (Таб/Граф 9).

Овде е битно да се напомене една методолошка белешка. Дефиницијата на онлајн врсничко насилство која е користена во истражувањето има два важни елементи, прво, дека тоа е нешто што се случува помеѓу врсници, и второ, дека тоа е нешто што се повторува, трае подолг временски период. Во насоките кои им беа дадени пред пополнувањето на анкетата на испитаниците потенцирано е да се водат од овие елементи во дефиницијата.

Високата бројка на ученици кои не се сигурни дали им се случил сајбер булинг (10.6%) треба да се толкува во контекст на ограничувањата кои ги поставува дефиницијата. Логичната интерпретација е дека овие испитаници се соочиле со некое однесување кое им наликувало на онлајн врсничко насилство, но не се целосно сигурни дека потпаѓа под посочената дефиниција.

Коректно е да се заклучи дека **околу 20% од учениците биле или можеби/веројатно биле предмет на онлајн врсничко насилство во изминатата 1 година**. Интересно е што релативно мал број на испитаници (5.3%) не дале одговор. Малиот изостанок на одговори ја зацврстува валидноста на заклучокот.

Споредено по пол, девојчињата биле во поголема мера предмет на онлајн врсничко насилство во изминатиот период од момчињата. Вкупно 11.7% од девојчињата одговориле потврдно, наспроти 5.0% од момчињата.

Притоа процентот на девојчиња и машки кои рекле дека не се сигурни е доста близок. Разликата е цврсто статистички значајна (Chi Square тест, p=0.003), меѓутоа степенот на корелација е релативно низок (Cramer's V=0.092).

Тоа значи дека полот влијае на интензитетот на врсничкото насилство сосема малку. Или со други зборови, девојчињата се малку поподложни на врсничко насилство од момчињата. Таа разлика е мала, но недвосмислено постои.

Ако резултатите се погледнат по основ на етничка припадност (Таб/Граф 71 во анекс) очигледни се одредени разлики. Притоа нема особена разлика помеѓу Македонците (8.3%) и Албанците (9.1%) кои рекле дека биле предмет на врсничко насилство. Меѓутоа има значителна разлика помеѓу Ромите и останатите.

**Вкупно 31.3% од Ромите односно 1/3 рекле дека биле предмет на онлајн врсничко насилство, што е значително повеќе од било која друга етничка заедница**.

Резултатот е значаен кога ќе се направи директна корелација само помеѓу Роми и Македонци (p<0.01, Cramer's V=0.135) или Роми и Албанци.

Битно е да се напомене дека целта на истражувањето не беше да се утврдат разлики по етничка припадност туку по пол. Од таа причина учеството на испитаници Роми и други помали етнички заедници во примерокот е мало и тоа влијае на статистичката значајност на резултатите. Сепак, јасно и недвосмислено е дека Ромите значително повеќе предмет на онлајн врсничко насилство во споредба со ученици од други етнички заедници.

Таб/Граф. 9

**Дали во изминатата 1 година сте биле предмет на сајбер булинг ?**

| | | Број | Процент | Валиден Процент | Кумулативен Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| | да | 85 | 8.4 | 8.8 | 8.8 |
| | не | 776 | 76.3 | 80.6 | 89.4 |
| | не сум сигурен | 102 | 10.0 | 10.6 | 100.0 |
| | Вкупно | 963 | 94.7 | 100.0 | |
| | н/о | 54 | 5.3 | | |
| Вкупно | | 1017 | 100.0 | | |



Таб/Граф. 10

**Пол * Дали во изминатата 1 година сте биле предмет на сајбер булинг?**

% по Пол

| | | Пол | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | машки | женски | н/о | |
| Дали во изминатата 1 година сте биле предмет на сајбер булинг? | да | 5.0% | 11.7% | 13.3% | 8.8% |
| | не | 85.8% | 76.5% | 80.0% | 80.6% |
| | не сум сигурен | 9.1% | 11.8% | 6.7% | 10.6% |
| Вкупно | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



## 5. На кој начин сте биле предмет на онлајн врсничко насилство (сајбер булинг)?

Испитаниците кои одговориле дека биле предмет на онлајн врсничко насилство или дека не се сигурни (вкупно 187 на број) се дополнително прашани на кој начин биле предмет на онлајн врсничко насилство, и дадени им се неколку можни одговори. Резултатите се претставени во Таб/Граф 11 подолу.

**Најголем дел од овие (187) испитаници** рекле дека **онлајн врсничко насилство се состоело од озборување** (35.8%); 8.0% рекле дека добиле несакани пораки; 5.9% дека биле предмет на сексуално вознемирување, 4.3% на игнорирање, 3.2% дека нивни фотографии биле објавувани без дозвола, и 3.2% дека биле предмет на онлајн демнење. Меѓутоа голем е процентот (од овие 187 испитаници) кои не дале одговор, вкупно 33.2%.

Кога резултатите ќе се погледнат по основ на пол (Таб/Граф 12) се гледаат одредени разлики помеѓу девојчињата и момчињата.

**Девојчињата се многу по погодени од озборување** (41.6%) во споредба со момчињата (25.4%).

Од друга страна нешто поголем процент од момчињата (11.9%) рекле дека добиваат несакани пораки во споредба со девојчињата (6.4%).

Момчињата (6.8%) во поголема мера рекла дека биле предмет на игнорирање/исклучување во споредба со девојчињата (3.2).

**Девојчињата биле почесто предмет на онлајн демнење** во споредба со момчињата 4.0% наспроти 1.7%.

И девојчињата и момчињата биле во приближно еднаква мера предмет на сексуално вознемирување: 5.6% наспроти 5.1%.

Во заклучок, доминантен облик на онлајн врсничко насилство е озборувањето, со 35.8% од вкупниот број на потврдени или можни случи. Озборувањето значително повеќе ги погодува девојчињата.

Таб/Граф. 11

**Ако на претходното прашање одговоривте со "да" или "не сум сигурен/на", на кој начин сте биле предмет на сајбер булинг?**

| | | Број | Процент | Валиден Процент | Кумулативен Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| | несакани пораки | 15 | 1.5 | 8.0 | 8.0 |
| | озборувања | 67 | 6.6 | 35.8 | 43.9 |
| | објавување мои фотографии, итн. | 6 | .6 | 3.2 | 47.1 |
| | исклучување/игнорирање | 8 | .8 | 4.3 | 51.3 |
| | онлајн демнење | 6 | .6 | 3.2 | 54.5 |
| | сексуално вознемирување | 11 | 1.1 | 5.9 | 60.4 |
| | друго | 12 | 1.2 | 6.4 | 66.8 |
| | н/о | 62 | 6.1 | 33.2 | 100.0 |
| | Вкупно | 187 | 18.4 | 100.0 | |
| | н/р | 830 | 81.6 | | |
| Вкупно | | 1017 | 100.0 | | |



Таб 12

**Пол * Ако на претходното прашање одговоривте со "да" или "не сум сигурен/на", на кој начин сте биле предмет на сајбер булинг?**

% по Пол

| | | Пол | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | машки | женски | н/о | |
| Ако на претходното прашање одговоривте со "да" или "не сум сигурен/на", на кој начин сте биле предмет на сајбер булинг? | несакани пораки | 11.9% | 6.4% | | 8.0% |
| | озборувања | 25.4% | 41.6% | | 35.8% |
| | објавување мои фотографии, итн. | 3.4% | 3.2% | | 3.2% |
| | исклучување/игнорирање | 6.8% | 3.2% | | 4.3% |
| | онлајн демнење | 1.7% | 4.0% | | 3.2% |
| | сексуално вознемирување | 5.1% | 5.6% | 33.3% | 5.9% |
| | друго | 3.4% | 8.0% | | 6.4% |
| | н/о | 42.4% | 28.0% | 66.7% | 33.2% |
| Вкупно | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

# 6. Каде најчесто се случува онлајн врсничко насилство (сајбер булингот)?

**Младите најмногу (мерено на скала 1-5) доживуваат онлајн врсничко насилство на социјалните мрежи (4.32).** Потоа следат инстант пораките (3.39), онлајн форумите (2.54), блоговите (2.09), и на крај емајлот (1.52) (Таб/Граф 13).

**Споредено по пол (Таб/Граф 14) девојчињата се повеќе погодени (3.63) од момчињата (3.09) од онлајн врсничко насилство преку инстант пораки, и општо преку социјалните мрежи**: 4.48 (девојчиња) наспроти 4.11 (момчиња). Овие разлики се статистики значајни: инстант пораки (Т-тест, $p<0.001$), социјални мрежи (Т-тест, $p<0.001$).

Заклучокот е дека најголем дел од онлајн врсничкото насилство се случува на социјални мрежи.

Што се однесува до прашањето на кои социјални мрежи најмногу се случува онлајн врсничкото насилство (Таб/Граф 15), 41% од учениците сметаат дека се случува на Instagram. Потоа следи X со 25.2%, и на трето место е Tik Tok со 12.4%.

Во суштина, најмногу од врсничкото насилство се случува на социјалната мрежа која е најмногу користена од младите, Instagram. Донекаде, отстапување е стапката од 25.2% кај X, што е мрежа која во помала мера ја користат младите.

Во заклучок, најголем дел од онлајн врсничкото насилство се случува на социјални мрежи, и притоа најголем дел од тоа се случува на мрежата каде што младите се најприсутни, Instagram.

Таб/Граф. 13

**Според вас, колку често се случува сајбер булинг преку:**

| Скала 1-5, 1=најмалку, 5=најмногу | Просек | Медијана | Ст. Дев. |
|---|---|---|---|
| Социјални мрежи? | 4.32 | 5.00 | 1.13 |
| Инстант пораки? | 3.39 | 4.00 | 1.34 |
| Онлајн форуми? | 2.54 | 2.00 | 1.29 |
| Блогови? | 2.09 | 2.00 | 1.14 |
| Емаил? | 1.52 | 1.00 | .87 |



Таб/Граф. 14

**Според вас, колку често се случува сајбер булинг преку:**

| | Пол | |
|---|---|---|
| | машки | женски |
| | Просек | Просек |
| Инстант пораки? | 3.09 | 3.63 |
| Емаил? | 1.55 | 1.49 |
| Блогови? | 2.01 | 2.15 |
| Онлајн форуми? | 2.46 | 2.61 |
| Социјални мрежи? | 4.11 | 4.48 |



Таб/Граф. 15

**Според ваше мислење на која од следниве социјални мрежи најчесто се врши сајбер булинг?**

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Facebook | 55 | 5.4 | 5.8 | 5.8 |
| | Instagram | 389 | 38.2 | 41.0 | 46.8 |
| | X | 239 | 23.5 | 25.2 | 72.0 |
| | Tik tok | 118 | 11.6 | 12.4 | 84.4 |
| | YouTube | 11 | 1.1 | 1.2 | 85.6 |
| | Snapchat | 53 | 5.2 | 5.6 | 91.1 |
| | Discord | 23 | 2.3 | 2.4 | 93.6 |
| | Twitch | 1 | .1 | .1 | 93.7 |
| | Telegram | 45 | 4.4 | 4.7 | 98.4 |
| | друга | 15 | 1.5 | 1.6 | 100.0 |
| | Total | 949 | 93.3 | 100.0 | |
| Missing | н/о | 68 | 6.7 | | |
| Total | | 1017 | 100.0 | | |



## 7. Кој е почесто жртва на онлајн врсничко насилство (сајбер булинг)?

**Запрашани генерално кој сметаат дека е почесто жртва на онлајн врсничко насилство, младите одговараат дека тоа се девојчињата**; вкупно 44.9% од нив го дале овој договор. Многу помал процент од младите (7.0%) сметаат дека тоа се момчињата. Нешто помалку од половина од младите (40.7%) сметаат дека и машките и девојчињата се подеднакво предмет на онлајн врсничко насилство.

Притоа, треба да се има во вид дека станува збор за перцепција. Кога овие резултати ќе се споредат со резултатите за реалното искуство со онлајн врсничко насилство (Таб/Граф 10 погоре) очигледно е дека генерално се конзистентни, односно дека перцепцијата соодветствува со реалноста. Меѓутоа сепак постои одредена диспропорционалност. Очигледно е дека **девојчињата не се во толкава мера почесто жртви на онлајн врсничко насилство колку што се смета**.

Кога резултатите ќе се споредат по основ на пол (Таб/Граф 17) очигледни се значителни разлики во перцепција помеѓу девојчињата и машките.

Девојчињата се многу повеќе склони (56.9%) да се сметаат себе за предмет на онлајн врсничко насилство од момчињата (13.3%).

Од друга страна, момчињата (29.3%) исто така сметаат дека девојчињата се во поголема мера предмет на онлајн врсничко насилство од нив самите (13.3%).

Девојчињата сметаат дека момчињата се многу помалку жртви од нив самите. Само 2.2% од девојчињата рекле дека момчињата се почесто предмет на онлајн врсничко насилство.

Овие разлики во перцепциите се цврсто статистички значајни ($p<0.001$) и притоа корелацијата е од умерен интензитет (Cramer's V=0.226, Phi=0.319).

Таб/Граф. 16

**Според вас, кој е почесто жртва на сајбер булинг?**

| | | Број | Процент | Валиден Процент | Кумулативен Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| | момчињата | 67 | 6.6 | 7.0 | 7.0 |
| | девојчињата | 427 | 42.0 | 44.9 | 51.9 |
| | подеднакво | 387 | 38.1 | 40.7 | 92.5 |
| | не знам | 71 | 7.0 | 7.5 | 100.0 |
| | Вкупно | 952 | 93.6 | 100.0 | |
| | н/о | 65 | 6.4 | | |
| Вкупно | | 1017 | 100.0 | | |



Таб/Граф. 17

**Пол * Според вас, кој е почесто жртва на сајбер булинг?**

% по Пол

| | | Според вас, кој е почесто жртва на сајбер булинг? | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | момчињата | девојчињата | подеднакво | не знам | |
| Пол | машки | 13.3% | 29.3% | 47.0% | 10.3% | 100.0% |
| | женски | 2.2% | 56.9% | 35.8% | 5.1% | 100.0% |
| | н/о | 8.3% | 33.3% | 41.7% | 16.7% | 100.0% |
| Вкупно | | 7.0% | 44.9% | 40.7% | 7.5% | 100.0% |



# 8. Мотиви за онлајн врсничко насилство (сајбер булинг)

Последниот дел од анкетните прашања ги истражуваат мотивите заради кои момчињата и девојчињата вршат онлајн врсничко насилство (Таб/Граф 18-21).

Според резултатите, момчињата најмногу (3.89) вршат онлајн врсничко насилство за да покажат моќ. Втор по ранг мотив е шегата (3.86), а по неа следат омразата (3.29), завидливоста (3.25) и одмаздата (3.12).

Кога резултатите ќе се расчленат по пол (Таб/Граф 19) се гледа дека постои согласност во ставовите помеѓу машките и девојчињата околу мотивите од кои момчињата вршат врсничко насилство. Според девојчињата главниот мотив е покажување моќ (4.16) по кој следи шегата (4.09). Според машките, главниот мотив е шегата (3.53) по што следи покажувањето на моќ (3.51). Оценките се извонредно блиску и јасно е дека разликата е незначителна. Кај останатите три мотиви, омраза (3.41 девојчиња, 3.14 машки), завидливост (3.37 девојчиња, 3.08 машки), и одмазда (3.17 девојчиња, 3.06 машки), девојчињата даваат малку построги оценки но рангирањето на мотивите е конзистентно помеѓу машките и девојчињата. Заклучокот е дека главни мотиви за машките се покажувањето на моќ и шегата.

Мотивите заради кои девојчињата вршат онлајн врсничко насилство се рангирани во Таб/Граф 18. Најчест мотив е одмаздата (3.83), по кој следат омразата (3.81), завидливоста (3.79), шегата (3.32) и покажувањето моќ (3.02). Кога резултатите ќе се споредат по пол (Таб/Граф 21) очигледно е дека и по ова прашање (мотиви заради кои девојчињата вршат онлајн врсничко насилство), постои генерална конзистентност во ставовите помеѓу машките и девојчињата. И за девојчињата и за машките главни мотиви се одмаздата ( 3.88 девојчиња, 3.76 машки), омразата (3.89 девојчиња, 3.70 машки), и завидливоста (3.82 девојчиња, и 3.73 машки). Четврт мотив по ранг е шегата (3.32 девојчиња, и 3.33 машки), и последен е покажувањето моќ (3.11 девојчиња, 2.95 машки).

Во заклучок мотивот кој е најчест за онлајн врсничко насилство кај машките, покажувањето моќ, е најмалку битен кај девојчињата.

Таб/Граф. 18

**На скала 1-5, колку момчињата вршат сајбер булинг:**

| 1=најмалку, 5=најмногу | Просек | Медијана | Ст. Дев. |
|---|---|---|---|
| За да покажат моќ? | 3.89 | 4.00 | 1.26 |
| Заради шега? | 3.86 | 4.00 | 1.21 |
| Од омраза? | 3.29 | 3.00 | 1.28 |
| Заради завидливост? | 3.25 | 3.00 | 1.34 |
| Заради одмазда? | 3.12 | 3.00 | 1.24 |



Таб/Граф. 19

**На скала 1-5, колку момчињата вршат сајбер булинг:**

| | Пол | |
|---|---|---|
| | машки | женски |
| 1=најмалку, 5=најмногу | Просек | Просек |
| Заради шега? | 3.53 | 4.09 |
| Заради одмазда? | 3.06 | 3.17 |
| Од омраза? | 3.14 | 3.41 |
| Заради завидливост? | 3.08 | 3.37 |
| За да покажат моќ? | 3.51 | 4.16 |



Таб/Граф. 20

**На скала 1-5, колку девојчињата вршат сајбер булинг:**

| 1=најмалку, 5=најмногу | Просек | Медијана | Ст. Дев. |
|---|---|---|---|
| Заради одмазда? | 3.83 | 4.00 | 1.24 |
| Од омраза? | 3.81 | 4.00 | 1.27 |
| Заради завидливост? | 3.79 | 4.00 | 1.32 |
| Заради шега? | 3.32 | 3.00 | 1.35 |
| За да покажат моќ? | 3.04 | 3.00 | 1.41 |



Таб/Граф. 21

**На скала 1-5, колку девојчињата вршат сајбер булинг:**

| | Пол | |
|---|---|---|
| | машки | женски |
| 1=најмалку, 5=најмногу | Просек | Просек |
| Заради шега? | 3.33 | 3.32 |
| Заради одмазда? | 3.76 | 3.88 |
| Од омраза? | 3.70 | 3.89 |
| Заради завидливост? | 3.73 | 3.82 |
| За да покажат моќ? | 2.95 | 3.11 |



## Заклучоци

Резултатите од истражувањето упатуваат на констатацијата дека:

- Учениците поминуваат најголем дел од своето слободно време на социјални мрежи во просек нешто повеќе од 4 часа. Притоа, девојчињата поминуваат во просек околу 1 час дневно повеќе на социјални мрежи од момчињата.
- Помеѓу учениците најпопуларна и користена социјална мрежа е Instagram, па потоа следи Tik Tok. Притоа не се забележани разлики помеѓу момчињата и девојчињата во користењето на оваа мрежа.
- Најмногу социјалните мрежи од страна на учениците се користат за комуницирање, потоа следи слушање музика, гледање видеа, и следење новости и трендови. Постојат јасни разлики во консумирањето на социјалните мрежи помеѓу девојчињата и момчињата. Тие разлики не се големи меѓутоа се присутни. Девојчињата се повеќе наклонети кон објавување статуси и фотографии, коментирање и споделување, комуницирање, читање, следење новости и трендови од момчињата. Додека, момчињата повеќе на социјалните мрежи се наклонети да играат игри.
- Околу 20% од учениците биле или можеби/веројатно биле предмет на онлајн врсничко насилство во изминатата 1 година. Споредено по пол, девојчињата биле во поголема мера предмет на онлајн врсничко насилство во изминатиот период од момчињата.
  Ако резултатите се погледнат по основ на етничка припадност 1/3 од учениците Роми рекле дека биле предмет на онлајн врсничко насилство, што е значително повеќе од било која друга етничка заедница.
- Доминантен облик на онлајн врсничко насилство е озборувањето, со 35.8% од вкупниот број на потврдени или можни случи. Озборувањето значително повеќе ги погодува девојчињата
  Од друга страна момчињата во поголема мара добиваат несакани пораки на социјалните мрежи и се предмет на игнорирање/исклучување во споредба со девојчињата.
  Нема разлики врз основа на пол во однос на сексуално вознемирување како облик на онлајн врсничко насилство.
- Најголем дел од онлајн врсничко насилство се случува на социјални мрежи, и притоа најголем дел од тоа се случува на мрежата каде што младите се најприсутни, на Instagram. Споредено по пол девојчињата се повеќе погодени од момчињата од онлајн врсничко насилство преку социјалните мрежи.
- Во однос на перцепцијата за тоа кој е почесто жртва на онлајн врсничко насилство врз основа на полот, скоро половина од учениците сметаат дека тоа се девојчињата, но значителен е и бројот (нешто помалку од половина) на ученици кои сметаат дека и машките и девојчињата се подеднакво предмет на онлајн врсничко насилство. Оттука, може да се заклучи дека девојчињата не се во толкава мера почесто жртви на онлајн врсничко насилство колку што се смета.
  Значителни разлики во перцепција по однос на ова прашање постои помеѓу девојчињата и машките. Секое второ девојче смета дека девојчињата се почесто на предмет на онлајн врсничко насилство, додека тој став го дели скоро секое третото момче. Оттука може да се заклучи дека девојчињата се многу повеќе склони да се сметаат себе за предмет онлајн врсничко насилство.
- Од истражувањето може да се забележи разлика помеѓу мотивите од кои момчињата и девојчињата вршат онлајн врсничко насилство .
  Најчест мотив кај момчињата поради кои онлајн врсничко насилство е за да покажат моќ, но и поради шега. Притоа постои согласност во ставовите помеѓу машките и девојчињата околу мотивите од кои момчињата вршат онлајн врсничко насилство.
  Најчест мотив заради кои девојчињата вршат онлајн врсничко насилство е одмаздата, но исто така силно застапени се и омразата и завидливоста. И по ова прашање, постои генерална конзистентност во ставовите помеѓу машките и девојчињата.